**Слободен софтвер** Македонија
*Ул. Злате Михајловски бр.26*
*Тел: 075 450 887 , 070 359 425*
*Факс: 02 3 179 113*
http://www.slobodensoftver.org.mk/
епошта: info@slobodensoftver.org.mk

# Записник од Годишното собрание на Слободен софтвер Македонија

Согласно одредбите на Статутот на Слободен софтвер Македонија, годишното собрание на организацијата ќе се одржа на 19.01.2008 год. (сабота) во Клубот на новинари со почеток во 18 часот. Локацијата на настанот беше променета бидејќи Точка не работеше поради тоа што 19.01.2008 година беше неработен ден – празник за граѓаните од православна вероисповед. Собранието започна во 20 часот и 15 минути.

Годишното собрание го отвори претседателот на организацијата, во функција на претседавач на собранието, г-нот. Новица Наков, со констатација дека на собранието присувствуваат, потпретседателот г-нот Дамјан Георгиевски, и членовите на организацијата, г-нот Георги Станојевски и г-нот Игор Стаматовски, потоа придружните членови г-нот Миша Поповиќ, г-нот Јован Костовски и г-нот Божидар Проевски. Претседавачот констатира дека собранието може полноправно да одлучува по сите точки на дневниот ред. Претседавачот на собранието го одреди г-нот Игор Стаматовски да го води записникот за собранието. По кус вовед, презентиран беше дневниот ред:

1. Годишен извештај за 2007 година;
2. Прием на нови членови во организацијата;
3. Разрешување на претседателот, потпретседателот и секретарот на организацијата поради истек на мандатот;
4. Избор на претседател, потпретседател и секретар на организацијата;
5. Донесување на насоки за соработка со други правни лица;
6. Разно.

Присутните членови едногласно го усвоија годишниот извештај подготвен од председателот со напомена дека треба да се поправат печатните грешки, и во целина потоа извештајот да биде објавен на Интернет.

Втората точка од дневниот ред беше прием на нови членови во организацијата, за нови членови кои се јавиа на конкурсот беа г-нот Миша Поповиќ, г-нот Александар Балаловски, г-нот Јован Наумовски и г-нот Зоран Димовски. Присутните членови гласаа на следниов начин за дадените предлози, а двајца членови г-нот Арангел Ангов и г-нот Иван Стојмиров го овластија претседателот на Слободен софтвер Македонија да ги пренесе нивните гласови до собранието.

**Слободен софтвер** Македонија
*Ул. Злате Михајловски бр.26*
*Тел: 075 450 887 , 070 359 425*
*Факс: 02 3 179 113*
http://www.slobodensoftver.org.mk/
епошта: info@slobodensoftver.org.mk

Г-дата Александар Д. Балаловски, Јован Наумовски, Миша Поповиќ добија по 6 гласа за и ниту еден против. Г-нот Зоран Димовски доби 1 глас за, и 5 гласа против.

Претседавачот констатираше дека освен г-нот Зоран Димовски кој не ги доби потребните гласови на присутните останатите придружни членови се изгласани за членови на Слободен софтвер Македонија, и им го честита изборот со надеж дека иако не биле присутни на собранието во понатамошната работа ќе продолжат успешно да работат како и досега.

Претседавачот ја отвори 3-тата точка и собранието ги разреши досегашните членови од нивните функции на претседател, потпретседател и секретар и повика да се пријде на следната точка избор на членови кои ќе ги пополнат овие испразнети места.

Во понатамошната дискусија собранието едногласно ги избра за уште еден мандат г-нот Новица Наков и г-нот Дамјан Георгиевски на функциите претседател и потпретседател на Слободен софтвер Македонија, додека г-нот Миша Поповиќ е избран за секретарот на организација во наредните 2 години. Присутните им честитаа на изборот.

Исто така собранието му се заблагодари на г-нот Арангел Ангов за досегашното работење како секретар на организација и му посака успех на своето работно место во Red Hat CZO.

Како следна точка собранието едногласно ги усвои насоките за соработка со други правни лица и Слободен софтвер Македонија со едносгласна одлука.

Потоа се премина на точката разно, каде се усвои предлог годишната програма за 2008 година во која главни точки се одржување на „Ништо нема да се случи“ во Битола, конференција за слободен софтвер во Скопје и најважниот дел отворање на Хаклаб одн. Простории на Слободен софтвер Македонија. Собранието одлучи да се отворат багови на http://bugs.softver.org.mk и да се доделат работните задачи на едно или повеќе одговорни лица кои ќе бидат задложени да се исполнат зацртаните активности.

Се дискутираше за методи и финансиски средства за набавка на опрема потребна за СподелиКино, за г-цата Биљана Кочоска која изрази желба и подготвеност да го организира сподели кино.

Придружните членови Проевски и Костовски изразија желба да се приклучат како полноправни членови и се дискутираше за распишување на нови конкурс, се дискутираше за формирање на координативното тело за локализација на слободен софтвер.

Придружниот член Проевски ја претстави идејата за проектот за локализација на помошта на OpenOffice, која ќе биде поднесен до Министерството за Финансии и предложи модел за соработка со Марнет.

Во 23 часот Претседавачот го затвори собранието поради исцрпување на дневниот ред.

**Слободен софтвер** Македонија
*Ул. Злате Михајловски бр.26*
*Тел: 075 450 887 , 070 359 425*
*Факс: 02 3 179 113*
http://www.slobodensoftver.org.mk/
епошта: info@slobodensoftver.org.mk

Клуб на новинари

Скопје 19.01.2008

| Записничар на собранието | Претседавач на собранието |
| --- | --- |
| Игор Стаматовски | Новица Наков |